Република Северна Македонија

**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut

**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1361/2022
Дата 18-07-2022

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врслки** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, Општина Штип.**

Површината на планскиот опфат изнесува 86,59 ha.

Планскиот опфат се граничи со плански опфат за кој што има издадено Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со класа на намена Е1.13-површински соларни и фотоволтаични електрани на КП 248/3, КО Доброшани, Општина Штип со тех. бр. Y16520 и издадено Решение бр. УП1 – 15 19/2021 од 18.01.2021 год.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y27022** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани,


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Општина Штип, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, Општина Штип, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, Општина Штип, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Министерство за транспорт и врски, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 43675 од 03.06.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, Општина Штип. Површината на предметниот опфат изнесува 86,59 ha.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, Општина Штипги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 1361/2022 од 18.07.2022 година.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изградба на површински соларни и фотоволтаични електрани со моќност над 10 MW на КП 248/1, КП 250, КП 242, КП 243, КП 246, КП 247, КП 249, КП 254, КП 255, КП 256 и дел од КП 416, КО Доброшани, Општина Штип и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство:** Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР**
**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**Nebi Rexhepi**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk